Project: SME Innovation Capacity Boost | Проект: Поттик на МСП иновативни капацитети

Regional Business Center Skopje

FOUNDATION FOR DEVELOPMENT OF SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES

# МЕТОДОЛОГИЈА

ИЗРАБОТКА НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ИНОВАЦИИ НА МИКРО И / ИЛИ МАЛО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД СЕКТОРОТ НА ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ /ИКТ/

- ПИЛОТИРАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ НА ФИРМИТЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТОТ-

**“SMEINNOBOOST”**

**Изработена од**

**ЗБК Креација Скопје**

**Скопје, Март 2020**

# СОДРЖИНА

Вовед ..... 3
1. Цел и опфат на Методологијата ..... 3
1.1. Дефинирање на индикаторите ..... 4

2. Алатки за примена на методологијата ..... 5
2.1 Селектирање на 10 претпријатија ..... 6
2.1.1. Поширока листа на претпријатија ..... 6
2.1.2 Листа за проверка за исполнување на критериумите за селекција ..... 6
2.1.3 Предлог Листа на селектирани претпријатија; ..... 6
2.2 Соработка со претпријатието и подготовка на АПИ ..... 6
2.2.1 План на средби и Временски распоред на подготовката на АПИ ..... 6
2.2.2 Само евалуација на иновативната активност ..... 7
2.3 Пишување и испорака на АПИ ..... 7
2.3.1 Профил на претпријатието ..... 7
2.3.1 Акциски план за иновации на претпријатието ..... 7
3. Постапка за примена на методологијата ..... 8
3.1 Чекори ..... 8
3.2 Временски распоред за спроведување на методологијата ..... 9

Анекси ..... 10
Алатка 2.2.1: Листа за проверка на исполнувањето на критериумите ..... 10
Алатка 2.1.2: Листа на селектирани претпријатија ..... 11
Алатка 2.2.1 План на средби и Временски распоред на подготовката на АПИ ..... 12
Алатка 2.3.1 Профил на претпријатието ..... 13
Алатка 2.3.2 Акциски план за иновации ..... 13



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

# Вовед

Во рамки на проектот SMEINNOBOOST се развија инструменти за поддршка на иновативноста на МСП (алатка за само проценка на нивото на иновативност во претпријатието, Извештај за иновациски активни претпријатија од ИКТ секторот во Македонија и Акциски план за иновации).

Една од активностите на проектот е пилотирање на овие инструменти на 10 микро и/или мали претпријатија од ИКТ секторот со специјализирани консултантски услуги, менторство и фасилитирање за зголемување н нивниот капацитет за генерирање и имплементација на иновации.

Методологијата е изработена за потребите на пилотирањето со цел поддршка на процесот на изработка на Акциски План за Иновации на претпријатијата. Намерата е да се хармонизираат резултатите од анализата на потребите на претпријатијата за иновации и согледувањата од извештајот за иновативноста активност на МСП во Република Северна Македонија и нивна имплементација на поединечно претпријатие.

Изработката на методологијата е согласно описот на проектните активности, финансирани со грант од програмата „ Балкан - Медитиран 2014-2020

## 1. Цел и опфат на Методологијата

Целта на методологијата е да го унифицира и стандардизира начинот на изработка на Акцискиот План за Иновации и да им помогне на експертите во пилотирањето на алатките изработени во рамки на проектот SMEINNOBOOST. Од примената на алатките ќе зависи успехот во испораката на специјализирани услуги (консултантски, менторство, фасилитирање) во добивањето на планираната додадена вредност за претпријатието.

Методологијата за изработка на Акциски план за иновации ќе се примени на 10 микро и / или мали претпријатија од ИКТ-секторот во Северна Македонија. Пилотирањето на алатките за поддршка на иновативната активност на компаниите во рамките на проектот се спроведува во втората година од имплементација на проектот, а периодот на следење вклучува 3 месеци од имплементацијата. Активноста се спроведува во рамките на Работниот пакет 4 „Алатка за самооценување на капацитетите за иновации на МСП“, кој е еден од главните резултати.

Методологијата го дефинира начинот на извршување на следните задачи:

(1) Изборот на 10 претпријатија и вклученоста на експертите во подготовката и одобрување на списокот на претпријатија што ќе се пилотираат;
(2) Соработката на експертите со менаџментот на претпријатието во изработката на АПИ:
(3) Пишување и испорака на Акциски план за иновации на претпријатијата до проектниот тим.

Поддршката во извршување на задачите е организирана во три дела: дефинирање на индикаторите; алатките за секоја поединечна задача; и постапката за работа.



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

## 1.1. Дефинирање на индикаторите

Листата на селектирани претпријатија ја изготвува експертите, врз основа на поширока листа на претпријатија од ИКТ секторот во следните економски дејности: ИКТ општо ( C26+J61+J62+J63); Производство на компјутери, електронски и оптички производи (C 26); Телекомуникации (J6); Компјутерско програмирање, консултантство и сродни дејности (62); Активности за информациски услуги (J63).

**Дефиниции** (Прирачник од Осло, ОЕЦД, 2005),

- **Иновација** е примена на нов или значително подобрен производ или процес (технолошка иновација), нов маркетинг метод, нов организациски метод во деловни практики, во организацијата на работното место или во надворешни односи (не-технолошка иновација). Иновативноста се заснова на резултатите од нов технолошки развој, нови комбинации на постојните технологии или употребата на знаење стекнато во претпријатието.
- **Иновациите** може да бидат развиени од страна на иновативно претпријатие или од друго претпријатие. Обичната препродажба на нови стоки и услуги целосно произведени и развиени од други претпријатија не е вклучена во иновативната активност. Иновациите треба да бидат нови за односното претпријатие. Иновациите на производот не треба да бидат нови за пазарот, како и иновациите на процесите не е неопходно претпријатието да биде првото што ќе ги воведе на пазарот.
- **Иновација на производот** е промоција на пазарот на производ/услуга што е нов или значително подобрен во однос на неговите карактеристики или намена. Ова вклучува големи подобрувања во техничките спецификации, компоненти и материјали, софтвер, достапност кон корисниците или други функционалности.
- **Иновација на процесите** е примена на нов или значително подобрен метод на производство или испорака. Ова вклучува значителни промени во техниките, опремата и / или софтверот. Иновативноста на процесите може да биде дизајнирана да ги намали трошоците по единица производ или набавка, да се подобри квалитетот или да се произведуваат или да се снабдуваат нови или значително подобрени производи.
- **Соработка за иновација** е активно учество во заеднички проекти за иновации што се спроведуваат заедно со други претпријатија и организации. Едноставно вработување без активно учество во иновативни проекти не се смета за соработка.
- **Организациската иновација** е нов организациски метод во деловните практики на претпријатието (вклучително и управување со знаењето), во организацијата на работното место или во надворешните односи што претходно не бил користен од претпријатието. Тоа треба да биде резултат на стратешки решенија донесени од раководството; Спојувањата или аквизиции се исклучени, дури и кога се први.



SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.

- **Маркетинг иновација** е спроведување на нов маркетинг метод што вклучува значителни промени во дизајнот на производот или пакувањето, пласирањето на производот, промоцијата на производот или цените. Маркетинг иновациите се насочени кон подобро задоволување на потребите на клиентите, отворање нови пазари или повторно позиционирање на производ на компанијата на пазарот со цел да се зголеми продажбата на компанијата. Сезонски, редовни и други рутински промени на маркетинг-методите не се вклучени.

**Користени Класификации, номенклатури и документи**

За потребите во изработката на методологијата се користени:

- Национална класификација на економските активности (NACE, МК 2003);
- Класификација на економските активности (NACE рев 2 МК 2018);
- Класификација на територијални единици за статистички цели во Република Северна Македонија (NUTS);
- Проект SMEINNOBOOST, Балкан - Медитеранска програма 2014-2020 година:
  - Анализа на потребите на МСП;
  - Извештај на иновативните активности на МСП во република Северна Македонија;
- *Методологија за избор на 10 микро/мали и/или средни претпријатија од ИКТ секторот за изработка на Акциски план за вработување.*

Наведените документи експертот го консултира подобра подготвеност за извршувањето на задачите и изработката на Акцискиот план за иновации на претпријатието

## 2. Алатки за примена на методологијата

Алатките за примена на методологијата се организирани според задачите што треба да се извршат од страна на експертите:

(1) Изборот на 10 претпријатија и вклученоста на експертите во подготовката и одобрување на списокот на претпријатија што ќе се пилотираат;

***Алатки***:

- База на податоци на клиентот: Фондација за развој на МСП;
- Критериуми за селекција на претпријатие;
- Предлог Листа на селектирани претпријатија;

(2) Соработката на експертите со менаџментот на претпријатието во изработката на АПИ:

***Алатки***:

a. План на состаноци и временски распоред на изработка на предлог верзијата на АПИ за секое претпријатие;
b. Само-евалуација на иновативната активност на претпријатието;



SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.

(3) Пишување и испорака на Акциски план за иновации на претпријатијата до проектниот тим.
*Алатки*:
   a. Профил на компанијата
   b. Акциски план за иновации

## 2.1 Селектирање на 10 претпријатија

Начинот на селекција на претпријатијата е дефинирана во Методологијата за селекција на 10 микро, мали и /или средни претпријатија за пилотирање на Акцискиот план за иновации. мали и/или средни претпријатија и испорака на специјализирани консултантски услуги.

### 2.1.1. Поширока листа на претпријатија

Експертот во соработка со проектниот тим ја користи на базата на податоци, генерирана за време на разни настани, иницијативи или други контакти, со цел изработка на кратка листа од 20-30 претпријатија за комуникација, која содржи име на претпријатието, лице за контакт, мобилен телефон и/или емаил адреса.

Поширокaта листа служи за комуникација со претпријатијата за нивно изразување на интерес за учество во пилотирањето.

### 2.1.2 Листа за проверка за исполнување на критериумите за селекција

Експертите ја користат Листата за проверка, анекс 1 од методологијата за избор на 10 МСП и врз основа на комуникацијата со претпријатието вршат проверка на задолжителните и дополнителните критериуми. Ова алатка служи експертот да го дефинира сојот предлог, дали го претпријатието да биде избрано за пилотирање. ( Анекс 1).

### 2.1.3 Предлог Листа на селектирани претпријатија;

Врз основа на листите за проверка на поединечното претпријатие, експертот ја подготвува предлог Листата на селектирани претпријатија ( Анекс 2), и истата ја доставува на одобрување на проектниот тим.

Одобрената Листа на селектирани претпријатија од страна на проектниот тим служи за почнување на следната задача.

## 2.2 Соработка со претпријатието и подготовка на АПИ

За соработката со претпријатието, експертот користи телефонски разговори, емаил комуникација и директни средби.

### 2.2.1 План на средби и Временски распоред на подготовката на АПИ

Алатката за планирање и извршување на задачата е План на средби и Временски распоред на подготовката на АПИ. (Анекс 3).

Оваа алатка се користи за планирање на целиот период на извршување на консултантската задача и подобра координација и соработка со проектниот тим.



SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.

#### 2.2.2 Само евалуација на иновативната активност

На почетокот експертот проверува дали претпријатието ја има користено алатката за само евалуација на иновативната активност, изработена од проектот и достапна на линкот http://www.recs.org.mk/.

Доколку ја нема користено, се упатува менаџерот да се регистрира во кластерот на ИКТ компании, а потоа да направи само евалуација на иновативните активности на претпријатието.

Извештајот од само-оценката се коментира од страна на менаџерот и експертот и служи за извршување на задачата за изработка на АПИ.

*Напомена: Оваа е онлајн алатка и се пристапува преку наведениот линк.*

### 2.3 Пишување и испорака на АПИ

Пишувањето на АПИ е на англиски јазик, исто како и онлајн алатката за само-оценка на иновативните активности. Досието на претпријатието го сочинуваат три документи: извештај за резултатите од само-оценката; профилот на компанијата и Акциски план за иновации.

#### 2.3.1 Профил на претпријатието

За пишување на профилот на претпријатието се користи образецот на проектот, кој е достапен и онлајн.

Главна структура на профилот треба да биде:

А. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

- Претпријатието (контакти и адреси, годишен приход, број на вработени, главна бизнис линија, сегменти на купувачи);
- Менаџмент тим;
- Краток осврт на работењето ( историјат и цели);
- Стратешки насоки (визија, мисија, клучни вредности, краткорочни цели);

Б. ГЛАВНА ПОНУДА

- Понуда на претпријатието (производи/услуги и цени);
- Купувачи и конкурентска/продажна предност ( профил, сегменти, пазари);
- Вработени  и процеси (оние каде има претпријатието иновации)

В. СЕГАШНА ПОЗИЦИЈА

- Стратешки приоритети ( производ, пазар, организација, маркетинг);
- Насоки на иновативните активности

#### 2.3.1 Акциски план за иновации на претпријатието

За пишување на профилот на претпријатието се користи образецот на проектот.

АПИ се пишува за период од 3 години и ја има следната структура:

А. Бизнис цели за 3 години



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

Б Приоритети и цели за иновирање во наредниот 3 годишен период:

- Производ;
- Процеси;
- Организација на работа;
- Маркетинг;

В. Акциски план за иновации:

- Цели;
- Активности;
- Индикатори за напредокот;
- Временски период на активноста;
- Ресурси и извори на финансирање.

Г. ПРЕПОРАКИ ЗА НАДВОРЕШНА ЕКСПЕТСКА ПОМОШ

Предлог АПИ се доставува до менаџментот за коментари, а пото се испорачува на проектниот тим.

## 3. Постапка за примена на методологијата

Постапката за примена на методологијата опфаќа: чекори во спроведување на методологијата, временскиот распоред на чекорите и вклучени лица во постапката.

### 3.1 Чекори

Во постапката се применуваат следните чекори

(1) Селекција на 10 претпријатија:

- Запознавање на вклучените лица со проектните документи и алатките што ќе се применат;
- Употреба на базата на податоци за контакт проект, генерирана за време на разни настани, иницијативи или други контакти, со цел изработка на кратка листа од 20-30 претпријатија за комуникација;
- Контактирање на компании со предлог да учествуваат во пилот-фаза / по телефон, е-пошта, лични разговори или социјални мрежи;
- Испорака на предлог список на 10 претпријатија кои сакаат да учествуваат во пилот-тестот за изработка на Акциски План на претпријатието за иновации.

(2) Подготовка на АПИ:

- Комуникација со 10 те претпријатија и изработка на временски распоред за соработка со секое поединечно претпријатие;
- Собирање податоци за претпријатието ( извештај за само-оценка, профил на претпријатието, бизнис цели и приоритети за иновации).

(3) Испорака на АПИ:



SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.

- Пишување на профилот на претпријатието и АПИ
- Доставување на предлог АПИ до менаџментот на претпријатието за коментари, сугестии и корекции;
- Доставување на финална верзија на АПИ до проектниот тим.

## 3.2 Временски распоред за спроведување на методологијата

Спроведувањето на методологијата од моментот на започнување на постапката го опфаќа следниот временски распоред:

**Чекор 1 - Избор на 10 претпријатија (10-14 дена)**

- Изработка на поширока листа од 20-30 претпријатија во период од 5 дена за спроведување на чекорите 1 и 2 ( консултирање на проектните документи и прилагодување на базата на податоци);
- Контактирање на компаниите од пошироката листа и презентирање на целите и придобивките од пилотирањето , спроведување на чекорите 4 и 5, во период од 5-7 дена;
- Изработка на список на 10 микро и /или мали претпријатија од ИКТ секторот, спроведување на чекор 5, во период од 2-3 дена.

**Чекор 2 Подготовка на АПИ ( 8-10 дена)**

- Изработка на временски распоред , 3 дена
- Комуникација со претпријатието за собирање на податоци , 5 дена

**Чекор 3 -Пишување и испорака на АПИ (8-12 дена)**

- Пишување на профилот и АПИ 3-5 дена
- Коментари на предлог верзијата -3-5 дена
- Доставување на финална верзија 2 дена

Временскиот период за спроведување на постапката во целост е 22 до 34 дена. Периодот од одобрување на листата на селектирани претпријатија до доставување на планот е 16 до 22 дена.

Начинот на усвојување на методологијата е согласно проектната апликација и интерните процедури на Регионалниот бизнис центар Скопје.

Скопје, 26 Март 2020

Изработил

Тим на ЗБК Креација



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

# Анекси

### Алатка 2.2.1: Листа за проверка на исполнувањето на критериумите

| | |
|---|---|
| Име на претпријатието: ___________________<br>________________________________________<br><br>Економска активност во ИКТ ____________ | Дата: __________________<br>Експерт:<br>________________________________________<br>Предлог за селекција:<br>ДА НЕ |
| Адреса:<br>________________________________________<br>Емаил: | Изработена Само-евалуација на иновативната активност<br>ДА НЕ |

| КРИТЕРИУМИ | Исполнување со X | Коментар/ забелешка |
|---|---|---|
| А. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ | | |
| 1. Микро, мало или средно, како е дефинирано во Законот за промоција на МСП | | |
| 2. Претпријатието е регистрирано според Законот за трговски дејствија | | |
| 3. Претпријатието има активност или планирано диверзифицирање во ИКТ секторот | | |
| 4. Раководството на претпријатието да одлучи доброволно да учествува во фазата на пилотирање | | |
| 5. Посветување време и човечки ресурси да учествуваат во фазата на тестирање и да помогне во подготовката на акциони планови за зголемување на капацитетот за генерирање и / или иновации во претпријатието | | |
| Б. ДОПОЛНИТЕЛНИ | | |
| 1. Постоење на бизнис план за областа на иновација<br>• производ,<br>• процес,<br>• организација на работа,<br>• маркетинг | | |
| 2. Степенот на подготвеност на иновацијата | | |
| 3.Искуство во аплицирање и пристап до надворешни извори на финансирање на работењето ( грантови, проекти, кредити) | | |

*__Напомена:__* Проверката се врши согласно инструкции во точките 3.1 и 3.2 од Методологијата за избор на 10 микро, мали и/или средни претпријатија.

*Потпис на Експертот*

...................................................



SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.

## АЛАТКА 2.1.2: ЛИСТА НА СЕЛЕКТИРАНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Фондација за развој на МСП

| Ред. Бр. | ИМЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО | Економска активност | Контакт лице | Телефон емаил |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |

*Напомена:*

Прилози на оваа листа се поединечните листи за проверка на исполнувањето на критериумите на поединечно претпријатие. (Анекс 1).

Дата: ....................                                                            Одобрил

....................................................



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

## Алатка 2.2.1 План на средби и Временски распоред на подготовката на АПИ

Експерт: ........................................... Дата.................................

Период од.................... до..............................

| Ред. Бр. | ПРЕТПРИЈАТИЕ | Контакт лице | Телефон емаил | Прв контакт | Само-оценка | Профил | АПИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 11. | | | | | | | |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | | | | | | | |
| 14. | | | | | | | |
| 15. | | | | | | | |
| 16. | | | | | | | |
| 17. | | | | | | | |
| 18. | | | | | | | |
| 19. | | | | | | | |
| 20. | | | | | | | |

*Објаснување:*

Во колоните бр. 5,6 7 и 8 се внесуваат планираните дати за комуникација со претпријатието до финалната верзија на АПИ.

Потпис на експерт

..................................................



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*

### Алатка 2.3.1 Профил на претпријатието

Се користи образецот изработен во рамки на проектот, во прилог на методологијата.

### Алатка 2.3.2 Акциски план за иновации

Се користи образецот изработен во рамки на проектот, во прилог на методологијата.



*SMEInnoBoost Project is funded by Balkan Mediterranean Programme 2014-2020 and co-financed by partners countries public funds.*